Прва детска амбасада во светот

ноевмври 2006– февруари 2007

# 15 години

Електронски Информатор Бр.27

# "Бушавко"

МЕЃАШИ

**Дел од содржините во овој број:**

*СТОП! На насилството врз децата* **1**

*15 години Прва детска амбасада во светот Меѓаши* **2**

*СОС телефон за деца и млади—правна служба* **3**

*Куќа за човекови права* **4**

*Новогодишни честитки* **5**

*Обука за човекови права* **6**

*Детската земја—Меѓаши* **7**

**Прва детска амбасада во светот—Меѓаши**

***15 години за децата***




## *СТОП! На насилството врз децата*




**Првата детска амбасада во светот - Меѓаши** започна со кампања против насилството врз децата во Македонија.

Поттикнати од случувањата во кои две деца беа малтретирани до смрт и од поразително зголемениот број на број на јавувања поврзани со насилство (18,6 во 2006 за разлика од 2% во 2000 година) на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22 22 (бесплатна линија), одлучивме да стартуваме со кампања за подигање на свеста за потребата од заштита на децата од секаков вид на насилство, како и поттикнување на граѓаните да го пријават насилството.

Распоредени на различини локации околу центарот на Скопје, веќе еден месец можат да се забележат 15 билборди со пораките:

**"СТОП! На насилството врз децата!" и**

**"Дали денеска го гушнавте вашето дете?".**

## Благодарност до Akzent Media за отстапениот простор.

**,,Дали денес го гушнавте вашето дете?"** е една од двете пораки поставени на билбордите во нашиот град. Целта на оваа порака, како и на другата **Стоп!На насилството врз децата**, е на возрасните да им се посочи колку е важно на децата да им се посветува внимание , особено бидејќи динамиката на денешното живеење тоа се ромалце го овозможува. Со оваа порака се надеваме дека ќе допреме до сите оние кои имаат или работат со деца но и до оние кои не посветуваат доволно внимание и грижа за своите деца, а на кои таа им е повеќе од потребна.

Кампањата ќе трае еден месец и оние кои сакаат да ги подржат активностите на Амбасадата Меѓаши, тоа можат да го сторат со повик или смс кон Космофон телефонскиот број **075/ 14 34 24**, и Т - Мобиле **070/ 14 34 24** со што се донираат **50,00 денари**, односно **100, 00 денари** . Се надеваме дека оваа кампања ке ги поттикне возрасните да




## Насилството врз децата сé повеќе присутно!!! случај Чичино село

На **15.12.2006** година, во просториите на **Детската Амбасада Меѓаши** се одржа прес конференција по повод случајот на претепаното дете, тригодишниот **Амид Бектеши** од **Чичино село**.

Детето било претепано со клоци и тупаници од невенчаниот сопруг на малолетната мајка . Тоа се случило во детското одмаралиште ,,Младост " во скопско Чичино село , каде што се сместени бегалци од воениот конфликт во 1999 година во Косово.

Детето кое било во критична состојба било веднаш префрлено во **Клиниката за детски болести**.

Случајот бил пријавен во полицијата .

Ова е само еден од многуте случаи кои се пријавени за насилство врз децата.

Токму тоа беше уште еден голем поттик на детската амбасада Меѓаши да стратува со кампањата **СТОП! На насилството врз децата**, со цел да се пробуди свеста кај граѓаните за одговорноста што ја имаме кон децата.

# 15 години Прва детска амбасада во светот — Меѓаши

Оваа година е посебно занчајна за **Амбасада Меѓаши,** бидејќи на **29 април 2007** ја прославува **15-годишнината** од своето постоење.

**Амбасадата Меѓаши** во т1екот на овие **15 години** се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои Адетството го прават сигурно и творечко.

**Амбасадата** со своите активности придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Таа го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.
Во изманатите **15 години** се постигнати значајни резулатати, меѓу кои прифаќање на децата бегалци по започнувањето на кризата во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија, отварањето на детските работилници, отварање на бесплатниот СОС телефон за деца и млади и психолошко советувалиште, спроведување на кампањи за заштита и спречување на насилствата врз децата, бесплатна правна помош
како и многу други значајни резултати и активности кои ке бидат спомнати во **монографијата** која е во подготовка и ќе биде издадена по повод **15-годишнината**.

**15 години за децата**

## Донација на обувки за децата без родители

**Првата детска амбасада во светот - Меѓаши** во соработка со компанијата **NELT ST DOOEL** Скопје и **SSL** производителот на **Dr. Scholl,** организираа акција за донирање на обувки на децата од детските домови во Скопје. Главен иницијатор на акцијата беше фирмата **NELT ST** од Скопје , со која соработуваме во континуитет. Тие обезбедија **288 пара обувки и папучи** за децата без родители и родителска грижа од домот **"11 Октомври",** домот за згрижување деца со воспитно – социјални проблеми **"25 Мај",** за децата од Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и млади,**"Ранка Милановиќ"** како и на семејствата од Арачиново кои беа беа сместени 5 години во прифатилиштето на Детската Амбасада Меѓаши беа сместени во прифатилиштето на Амбасадата Меѓаши. Освен обувки, донираве и помошни медицински помагала од производната програма **Dr.School на Клиниката за хирургија** во Скопје. Обувките и помошните средства се производи на реномираната **фирма SSI**, а вкупната вредност на донацијата изнесуваше **2.370.000,00** денари.



**Предавањето на обувките на децата од домовите и семејствата од Арачиново**

## Активности во рамките на детските работилници

Покрај посета на работилниците **Детската амбасада Меѓаши** спроведе и други активности во изминатиот период во кои беа вклучени децата од работилниците, како и нивните родители, потоа волонтер(к)ите на амбасадата како и останатите вработени во амбасадата Меѓаши. На **2-ри декември** се организираше **едукативно - рекреативен излет на Водно** со следните активности: натпревар во возење на ролери; кратко предавање за еколошките проблеми, како и потребните активности од страна на луѓето за намалување на истите; садење на млади дрвца; присуство на манифестацијата за гасење на пожар во природа, во организација на Црвениот крст на Македонија.

На **17 - ти** декември се организираше **посета на планетариумот.** На **19-ти** декември децата од работилницата по англиски јазик го посетија **Американ Корнер** на таканаречен ***Ден за раскажување на приказни***.

На 27 декември се организираше **новогодишна забава и маскембал** за сите деца членови на Детските работилници. На забавата децата беа маскирани во прекрасни маски, забавата се одвиваше во игротеката



Фантазија. Во периодот од октомври - декември, Детските работилници беа финансиски поддржани од **Австарлиската амбасада во Белград**.

**Благодарност и до Лозар-Битола, за освежувањето кое ни го приредија за новогодишната забава, како и на донаторката која сакаше да остане анонимна, а ја финансираше новогодишната лотарија**




**Голема благодарност до сопственичката на игротеката Фантазија, Хелена Роза за отстапениот простор по повод новогодишната забава.**

# СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222

**СОС телефонот за деца и млади** при Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е прв бесплатен телефон за деца и млади во земјава, кој континуирано функционира веќе 14 години (од 1993). Најчести проблеми со кој се соочуваат младите се проблеми поврзани со насилство (физичко,сексуално и психичко), проблеми во семејството, со другарчињата, љубовни проблеми, лични проблеми и други.

*Пример на еден таков случај: еден наш сограѓанин се јави да пријави дека таткото на неговата балдаска сака да ја ожени иако таа има 13 години за момче кое има 28 години.Момчето му понудило на таткото паричен надомест и затоа таткото сака да ја ожени и без нејзина согласност.*

*Случајот е пријавен во центарот за социјални работи за кои се спроведува постапка.*

Во периодот од 1 јануари 2006год до 31 декември 2006 год на бесплатниот **СОС телефон** за деца и млади (**0800 1 2222**) се имаат јавено 704 јавувачи. Од кои женски пол имало **514 (73%)** а од машки пол имало **190 (27%).**

Childline
Listens to Children
1800 666 666

Според процентуалната застапеност по градови Скопје е на прво место според број на јавувања, потоа следи Прилеп,Велес ,Битола и останатите градови.

**СОС** телефонот е финансиски поддржан од **Македонски Телекомуниккации** и **СОС телефонот од Ирска**.




## Бесплатна Правна служба-бесплатни правни совети

Во последните 4 месеци, правната сужба реагираше на 14 нови случаи на кршење на правата на детето.

**"Повикај се на твоите права"**

Во соработка со **СОС** телефонот активно работи и **бесплатната правна служба.**

## Некои од случаите на кршење на детските права

**1.Случај на физичко насилство врз деца од страна на професор во Дом за деца** за што пишувавме во претходниот број.

Поради недостаток на информации за личните имиња на децата не можеме да го лоцираме надлежниот центар кој е штитеник на овие деца.

*Испративме писмо за достава на информации до полициска станица Чаир каде случајот бил пријавен. Иако од јавувачот бевме информирани дека полицијата направила записник на лице место, сепак од полициската станица негираат дека таков случај бил пријавен кај нив.*

Исто така и Народниот Правобранител не може да поведе постапки пред инспекциските служби, затоа што лицето сакало да остане анонимно.

***Поради тоа мораме да го затвориме овој случај.***

**2. Незадоволство на ученици од кадровската политика на директорот на училиштето.**

Група ученици од ОУ испратија писмо во кое изразија незадоволство од кадровската политика на директорот на училиштето. Имено, децата сметаат дека дел од професорите немаат соодветна стручна подготовка по предметната настава и дека предаваат по застарени методи во инаку лоши материјални услови во училиштето.

*Случајот го пријавивме кај Народниот Правобранител. Тој понатаму го пријавил случајот кај Државниот трудов инспекторат заради инспекциски надзор на постапките за вработување на наставниците во основното училиште согласно Законот за работни односи и согласно законот за Основно образование.*

***Инспекторатите се во тек, а ние чекаме известување од Народниот правобранител.***

**3.Случајот во кој постоеја индиции за посредување при проституција со малолетни лица од страна на постаро машко лице** за што пишувавме во претходниот број.

Случајот уредно беше пријавен директно во МВР во Одделение за борба против трговија со луѓе и насилен криминал.

*По разговорите со педагогот на училиштето дознавме дека лицето било приведено од надлежните на истоимениот оддел.*

***По успешно завршување на истражнта постапка во истражниот суд, осомниченото лице е осудено на 5 години затвор за делото Посредување при проституција на малолетни лица.***

**4.Случај на неосновано изрекување на писмена опомена.**

Случајот го пријавија родителите на ученик во втора година средно училиште. Детето било обвинето од друг ученик за продавање на марихуана во училиштето. Иако немало доволно докази за тоа наставничкиот колегиум на училиштето го казниле ученикот со писмена опомена пред исклучување.

Родителите го подложиле детето на медицински прегледи по што било утврдено дека тој не користел никакви наркотички средства.

Со ова е нарушен угледот на ученикот и прекршена е Конвенцијата за заштита на правата на детето член29 каде е потенцирано дека образованието на детето треба да биде насочено кон развојот на личноста на детето.

Дополнително е предизвикано психолошко оптоварување врз ученикот.

***По тоа е испратена претставка до Народниот правобранител кој презема мерки од негова надлежност за заштита на правата на детето.***

СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
0800 12222

**Бесплатна линија**

## Куќата за човекови права

На 22.11.2006 година во просториите на хотелот "Stone Bridge" се одржа прес конференција, која имаше за цел да ја претстави **Куќата за човекови права на Македонија.**

*Куќата е сојуз на невладини организации кои се здружуваат за заеднички настап во промоција и заштита на човековите права.*

*Куќата за човекови права на Македонија, претставува дел од меѓународната мрежата **"Human Rights House Network".***

**Сојузот го промовираа 5-те организации членки, основачи на Куќата:**

**Прва детска амбасада во светот – Меѓаши, Хелсиншки комитет** за **човекови права во Република Македонија, Македонски центар за женски права – Шелтер центар**, **Асоцијацијата за демократски иницијативи, Полио Плус -** Движење против хендикеп.

На прес конференцијата меѓу другите ***Почесни гости*** беа: ***г-ѓа Марија Дахле,*** *Извршниот директор на Куќата за човекови права во Осло, Норвешка*

КУЌА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА МАКЕДОНИЈА




**Прес конференцијата во хотел StoneBridge**

### Работилница за Закон за донации и спонзорство во Велес

Во месец јануари во Велес се одржа работилница за **Законот за донации и спонзорства од јавни дејности**.

На работилницата беа присутни претставници од повеќе граѓански организации мегу кои и претставници од Детската амбасада Меѓаши**.**

Гости-експерти на работилницата беа **г-дин Славко Лазовски** како претставник од Министерството за финансии **и г-дин Борче Смилевски,** кои ги образложија придобивките кои ќе следат со имплементацијата на овој Закон.

## Граѓанска Платформа на Македонија

Детската амбасада-Меѓаши како **координатор на програмата за "дијалог и соработка на граѓанските организации, владата, бизнис секторот, медиумите и пошироката јавност"** во рамки на програмата на ГПМ, го водеше процесот на координација на активностите поврзани со видливост и промоција на ГПМ како и јакнење на имиџот на граѓанскиот сектор.

Во Октомври 2006 година отпочна имплементацијата на активноста **"Промоција на позитивни примери"**.

До крајот на 2007 треба да излезат неколку последователни едиции во кои ќе бидат промовирани позитивни практики на граѓанските организации кои биле позитивни промени во средината и заедницата во која дејствувале. На овој начин пошироката јавност ќе биде повеќе запознаена со работата на граѓанските организации и нивното позитивно влијание во средината.

Детската амбасада како дел од оваа платформа, има за цел да го промовира **волонтерството** во Република Македонија преку изготвување на водич за волонтер(к)и кој ќе содржи основни информации за волонтерството, ќе ги поврзува волонтерите со база на податоци за организациите кои ангажираат волонтери во нивната работа и ќе дава конкретни информации за програмското работење на организациите.

*Водичот е во фаза на подготовка, а ќе биде изготвен најдоцна до месец Март 2007 година. Истиот ќе биде промовиран пред студентите на повеќе факултети во Република Македонија.*

## Коалиција сите за правично судење

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ / KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA / KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Детската амбасада како членка на **Коалицијата Сите за правично судење** учествуваше на тридневна работна средба која се одржа во периодот од 24 до 26 ноември во х.Молика во Битола. На оваа средба врз основа на дискусиите, заклучоците и предлозите се установи соодветен модел на функционирање на Коалицијата којшто во иднина ќе обезбеди нејзина одржливост и институционален развој. Детската амбасада беше претставена од страна на извршниот директор м-р Драги Змијанац.

Учесници во оваа колаиција се: АДИ - Гостивар, АНИ - Штип, АРКА - Куманово, Граѓански патеки - Битола, Здружение за правата на ромите - Штип, ЗПД - Скопје, Прва детска амбасада во светот- Меѓаши - Скопје, МОСТ - Скопје, Младински Образовен Форум - Скопје, ПХУРТ - Делчево, Спектар - Штип, СППМД - Кавадарци,ТЕМИС - Скопје, ФЕМИНА - Куманово, ФОКУС - Ресен, Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, CDR - Тетово, Месечина – Гостивар.

**www.all4fairtrial.org.mk**

## Новогодишни честитки

**Првата детска амбасада во светот – Меѓаши** веќе втора година по ред спроведе активност продажба на новогодишни честитки.



Новогодишните честитки и оваа година беа изработени од децата според нивната детска фантазија. Средствата кои се собрани од продажбата на честитките ке бидат наменети за **бесплатниот СОС телефон** за деца и млади **0800 1 22 22**,



бесплатните **Детски работилници** и останатите активности на Амбасадата Меѓаши наменети за деца. Понудени беа 4 оригинални мотиви на честитки, автентични на детскиот цртеж со минимално обработена компјутерска позаднина. Цената на честитките изнесуваше 25.00ден.

Во поддршка на нашата кампања, земавме учетво на бројни саеми кои се одржаа во месец декември, меѓу кои




се базарот во **Чифте Амам - саем на ракотворби**, **Регионалиот НВО саем во Струмица**, базарот организиран од **Интернационалното здружение на жени**, **НВО самеот во Гостивар**, на **Новогодишниот маркет на Скопски саем,** како и во **трговскиот центар Рамсторе.** Продажбата и испораката на



новогодишните честитки се одвиваше со помош на волонтер (к)ите на Амбасадата Меѓаши.

Со заеднички напори успеавме да продадеме **10.677 честитки** што е за речиси **5000 честитки** повеќе од минатата година. Собраните средства од



25.00 ден

продажбата ќе се користат за подобрување на капацитетите на **бесплатниот СОС телефон** за деца и млади **0800 1 22 22** и за бесплатните детски работилници.

Кампањата медиумски ја поддржаа и дневните весници **Вест**, **Вечер, Време, Нова Македонија,** неделниците **Македонско Сонце, Форум плус,** градскиот информатор **Скопје 365,** месечникот **Граѓански Свет**, порталот **al-ibi.com.mk** како и блоговите кои самоиницијативно се вклучија: **aheo.blog.com.mk**, **aheo.macedonianblog.com**,**ribaro.blog.com.mk, dukis-book.blog.com.mk , kimi.blog.com.mk, all-right.blog.com.mk, kicevo.blog.com.mk, de-mian.blog.com.mk, volan-skopje.blogspot.com, nesto-licno.blog.com.mk , e-lady.blog.com.mk, callof-duty.blog.com.mk, www.blog.com.mk**

**за што сме им навистина благодарни.**

## Рачно изработени предмети

Оваа година покрај изработката на новогодишните честитки се случи и уште една активност односно **рачна изработка на предмети (hand made)** од фимо, изработка на привезоци, украсуванње на чаши, саксии со специјални бои, како и изработка на рамки за слики, свеќници, и рачно изработени новогодишни честитки и други предмети.



Во изработката овие предмети беа вклучени **волонтери** од **детската амбасада Меѓаши** кои со својата креативност и инспирирачки дух изработија прекрасни предмети, кои беа изложени на саемот на раковорби во Чифте Амам, на Регионалниот НВО саем во Струмица, НВО саем во Гостивар, базарот организиран од Интернационалното здружение на жени и на Новогодишниот маркет на Скопски саем.



**Саем на ракотворби Чифте Амам**

## "Подари од Срце – Донирај со Срце", акција на Амбасадата Меѓаши во трговскиот центар Рамстор

Почнувајќи од 07. февруари, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши постави свој продажно/изложбен простор со производи од детските работилници во трговскиот центар Рамстор.

Посетителите на нашиот штанд, можат да одберат привезоци за мобилен телефон и клучеви, украсни саксии за цвеќе, беѓови и лепенки со најразлични форми, свеќници, изработени картички и многу различни украси во форма на срце.

Сите предмети се единствени рачни изработки, а поголемиот дел се изработени од децата- членови на Амбасадата Меѓаши, во рамките на работилницита по применета уметност.

Изложбениот простор на Меѓаши се наоѓа наспроти Рамстор маркетот, веднаш до бирото за Информации, а акцијата ќе трае до 15. февруари.

Огромна благодарност упатуваме до **трговскиот центар Рамстор** кој ја поддржа оваа акција, како и до **фаст-фуд ресторант Аматти –Рамстор (3238-144)**, кој обезбеди сендвичи за волонтерите на Меѓаши кои учествуваа во самата акција.



**Изложбениот простор на Амбасадата во Рамстор**

**“Бушавко”**

*Коста Новаковиќ 22а*
*1000 Скопје*
*Република Македонија*
*телефон: +389 22 465 316*
*Тел/факс: +389 22 463 900*

*Жиро сметка 200000010722372*
*Даночен број 4030995179890*
*Депонент на Стопанска Банка а.д. Скопје*
*Девизна сметка: SWIFT STOB MK 2X*


Посетете не и на интернет!

**www.childrensembassy.org.mk**

*Првата детска амбасада во светот-Меѓаши* е основана на **29 Април 1992** година во Скопје.

**Амбасадата Меѓаши** се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и креативно. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.

*Идејата, името и маскотата (Бушавко) се заштитени во Министерството за развој на Р.Македонија, Завод за заштита на индустриската сопственост под жиг бр. 864, 864 и 865 во 1994 година.*

Донирајте 50 денари со повик или смс

**075/14 34 24**

Донирајте 100 денари со повик или смс

**070/14 34 24**

***Заедно против насилството врз децата***

## 15 години за децата

Италијанската страница:

www.childrensembassy.it

## Поздрав од границата со Детската земја

## (мировна мисија на Полио Плус)

***Ѕвонко, со неговиот тим од Полио Плус, во мировна мисија во детската земја Меѓаши —која не се брани со меѓи, војска, полиција, царина, бидејќи каде започнуваат границите, таму престанува детсвото***

